Утрински Весник

Број 2961 понеделник, 13 април 2009



Мислења

# Студентската сила и моќ



Ана Павловска - Данева

**Кога недораснати субјекти се обидуваат да бидат иронични, дури саркастични, а во отсуство на сопствен став, тие стануваат патетични и предизвикуваат сожалување!**

Патетична и бедна беше изјавата на лидерот на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со која тој се обиде да иронизира со новинарите, прашан за став по повод насилството што го спречи мирниот протест на неговите колеги. Неумешноста на овој млад човек да употреби стилска фигура наречена иронија или сарказам прозвучи вака: „Група граѓани, меѓу кои можеби и имало студенти, имаат право да протестираат. Замислете кога едни би протестирале поради тоа што Месечината кружи околу Земјата, а други поради тоа што САД по територија се поголеми од Македонија“. Најблаго речено, изјавава звучи ступидно! Затоа, јас би препорачала сите заедно да се замислиме каква е претставата што се создава кај секого од нас за целата студентска популација на најстариот и најголем универзитет во државава, имајќи предвид дека претходните две реченици се највисокиот степен на комуникациска вештина на нејзиниот лидер?

Од друга страна, иронијата претставува јазична форма во која вистинското значење на зборот е прикриено или, пак, е спротивно на буквалното значење на употребениот израз. Повисок степен на иронија претставува сарказмот, во кој негодувањето кон одредена појава е отворено и силно изразено. Сарказмот се јавува како форма на изобличување на појавите еднакво често во публицистиката, полемиката, ораторската реч, уметничката литература, а особено широко се ползува во острите политички борби. Несомнено, иронијата и сарказмот претставуваат највисоки форми на комуникација кои можат да ги практикуваат правилно, без притоа да изгледаат смешно, само луѓе со силен мисловен капацитет. Наспроти ова, кога недораснати субјекти се обидуваат да бидат иронични, дури саркастични, а во отсуство на сопствен став, мисла, идеја, препорака, па ако сакате и шарм, а особено без да постои причина за иронизирање, тие стануваат патетични и единствената реакција што ја предизвикуваат кај соговорникот е – сожалување!



Прашај го „Утрински“
Одговара: уредничката на Скопска
Билјана Ангеловска



Најчитани 10 во 10 дена
ГЛОБУС ON-LINE
Комерцијална банка АД Скопје www.kb.com.mk
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
nexisense WebBuilder
Почни со „Утрински“
XML
sitemeter

Непотребно е да се прави подлабока анализа на аналитичките и говорнички вештини (основни компоненти на лидерството) на првиот човек на Студентскиот парламент на УКИМ. Но, затоа, пак, неопходно е овој студентски функционер да се подучи на неколку основни правни правила: член 11 од Уставот утврдува дека физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени; член 16 од нашиот Устав ги гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап итн; членот 21 ја гарантира слободата на мирно собирање без пријавување и дозвола. Според чл. 156, ст. 2 од Законот за високо образование, студентскиот парламент на универзитетот е должен на студентите да им овозможи остварување на нивните заеднички интереси.

Цитираната изјава не говори во прилог на тоа дека претседателот на Студентскиот парламент на УКИМ навистина се потруди да им помогне на своите колеги од Архитектонскиот факултет да го остварат својот интерес (мирен протест за неможноста да го искажат својот стручен став). Напротив, овој претседател не покажа ни најмала загриженост за тоа дека неговите колеги беа повредени и понижени, како ни за грубото кршење на и онака кревката демократија во земјава. Не е тајна дека секоја политичка гарнитура на власт се обидува на студентските организации на државните универзитети да им октроира претседател близок до својата политичка и партиска идеологија (ако такво нешто воопшто постои кај нас). Дури и да се помириме со фактот дека е исклучително тешко оваа тажна вистина наскоро да биде изменета, останува необјасниво како е можно политичката партија на власт, која има огромен број членови, привржаници и симпатизери, да не може да пронајде во своите редови студент кадарен за одлучно, стручно и успешно раководење со најголемата студентска организација во државата.

Зборувајќи за мартовските студентски протести, на деканот, професорите и асистентите на Архитектонскиот факултет, како и на оние универзитетски професори – членови на Универзитетскиот сенат и на сите кои јавно ги поддржаа младите колеги студенти, заслужуваат да им се оддаде јавна почит и честитки. Нашиот Универзитет ќе беше уште поголем и пореспектиран во очите на пошироката јавност доколку и ректорот во тој момент имаше доблест (или можеби храброст?) да ги земе во заштита своите студенти, да покаже трошка грижа за нив и нивните фрустрации барем со еден-два збора поддршка, бидејќи по физичките напади, навистина им беше потребно тоа.

Точно е, сосем е точно, дека ниту една законска норма не го обврзува ректорот на Универзитетот да се вмешува на кој било начин во реализацијата на студентските активности надвор од она што претставува исклучива надлежност на Универзитетот. Ама има и нешто што се вика морална обврска, а која најчесто стои рамо до рамо со правните обврски. Треба да сме свесни, сите ние - членовите на универзитетската заедница, дека уште утре може да се случи некоја авторитарна и тоталитаристичка државна власт (зборувам хипотетички, секако) да почне да ја гуши и угнетува универзитетската автономија загарантирана со Уставот. Или, поради некоја сериозна причина, истата таа државна власт да одлучи (повторно хипотетички, се разбира) да не ни исплаќа неколку месеци плати, да не ги намирува трошоците на Универзитетот за вода, струја, телефон, да му ги блокира сметките, со што ќе го оневозможи да функционира и слично. Историјата докажала дека интелектуалците најчесто им пречат на таквите власти, па ова би биле само некои од методите за нивно замолчување. Претпоставувам, во такви околности

нашиот ректор ќе не' повика сите заедно да излеземе на мирни протести на плоштадот и да побараме демократија, слобода, автономија и обезбедување на основните услови за работа. Само, не сум сигурна, ќе не' поддржат ли тогаш студентите нас или ќе изјават дека не сме ние нивни професори како што тие не беа наши студенти кога им требавме?

За крај, сакам јавно да им порачам на сите студенти во земјава дека, и покрај грдиот мартовски настан, треба да се горди на својот студентски статус кој сам по себе подразбира прогресивност, ентузијазам, реформска настроеност, слободоумност и се' друго што го носат со себе наобразбата и младоста. Сакам да веруваат дека покрај нив секогаш ќе има професори кои ќе ги поддржуваат во напорите да остварат слобода на говорот, слобода јавно да го изразат својот став, право на мирен протест, независно од тоа колку тој став, говор или мислење нам ни се допаѓа или не!

(Авторката е доцент на Правен факултет)

Статијата е прочитана 474 пати.

Испрати коментар

Од: Ace od Avstralija

Датум: 13.04.2009 02:51:56

Protiv Gospod bea velesili i zemji kako SSSR, Kina i socijalizmot kako najnapredno nesto i ... site izgubija, pa sega studetite t.e. stotina potiknati od SDSM izigravaat faktor nekoj.Bolni se site nivni izjavi, specijalno nekoi deka se napredni, a takvi ko mene sme bile nazadni kako vo 16- 17 vek. SDSM gi cenam kako VMRO koga bese so Ljubco, a Gospod site gi pobedil i ce gi pobedi, pa zatoa moj sovet na SDSM- studenti e ne se zanesuvajte i protestirajte za oktopodi i "vojvodi" sto pravat budali od site nas.

Од: mene

Датум: 13.04.2009 03:25:58

sekoja cest profesorke

htt@ool EXPLORINGMACEDONIA.COM
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
Telekabel

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk